СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 април 1994 година

Скопје, април 1994 година

**74-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 8 АПРИЛ 1994 ГОДИНА**

ДНЕВ.РЕД; на стр.40-48

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 30, 31, 32, 33,..
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 54, 55
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ – 67 ,68
4. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА - 79
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 30, 54, 61, 63, 72
6. ИВАНОВ ИВАН - 76
7. ЈОВАНОВ РИСТО- 30,31,39,33,34,35,36,37,38,39,56,57,59,65,66,67.
8. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 78
9. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 69, 70, 99, 100
10. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 51, 52
11. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 85
12. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 97
13. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 98
14. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 48, 49, 87
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 14, 17, 19, 20, 24
16. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 10, 52, 92
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 5
18. СПИРОВСКИ ИГОР - 5, 25, 29, 73, 81, 88, 93, 101. (прозива )
19. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 71, 73
20. ШАКИРИ ХИСНИ - 70

- ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 април 1994 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала I, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Сто- јан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници.

Ја отворам Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Гулистана Марковска, Петар Горѓиев, Панче Насев, Џеладин Мурати и Љубисав Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може да одлучува полноважно.

Записниците од 71-та, 72-та и 73-та седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

(нема).

Констатирам дека записниците од 71-та, 72-та и 73-та седница се усвоени без забелешки.

За седницата поканети се: претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претставниците на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта.

I/2 -НН/МЛ

Ве известувам дека пратеникот Томислав Стојановски му предлага на Собранието по итна постапка да го донесе законот за изменување на Законот за надворешно - трговско работеше.

Предлогот за донесување на закон по итна постапка, со Предлог-закон и Мислењето на Владата ви се доставени.

Го молам пратеникот Томислав Стојановски да ја образложи основата и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, го имате писмениот одговор од Предлогот за донесување за измена на Законот за надворешно - трговско работење во одредени делови каде се говори за измена на староста на одредени возила како би можеле да се увезуваат возила од поголема старост од досега предвидената. Односно, да можат да се увезуваат патнички возила со старост до пет години, а теретни моторни возила со старост до осум години.

Ова го чинам од причини што на претходната седница се донесе Закон за измена на Царинскиот закон и царинската тарифа за намалување на царинската основица, односно стапка за увоз на возила од странство. Овој закон тогаш не се најде на истата седница на дневен ред иако имаше смисла да биде заедно решавано. Сега итноста ја оправдувам од причина што од прибраните податоци староста на возилата што ги имаме сега во употреба се минимум просек од над 20 години. Значи, постои и еколошка и било каква друга штетна последица со употреба на вакви возила, со ваква старост и не го оправдува и економскиот дел, затоа што се возила веќе со отслуженост на време на производство.

За да би можело на некој начин да се поправи староснатa или употребнaта вредност со економска оправданост на возилата,

најоправдано е да се зголеми лимитот на забраната за увоз на овие возила. Ако тоа се направи ќе се добие следното.

Патничките моторни возила не се произведуваат во Република Македонија. Немаме потреба од заштита да правиме ограничување затоа што ќе го форсираме своето производство за да би можеле на смет- ка на тоа да одиме во развој на таа гранка. Овие возила што ги даваме до тригодишна старост сметам дека се апсолутно со мал распон од причина што возилата кои што се произведуваат од квалитетен производувач имаат гаранција на старост до употреба над 10 односно 15 годи- ни. Ние ако забрануваме увоз на возила за пет пати поголема од минимумот, тогаш јасно е дека вршиме ограничување за увоз на за нас квалитетни возила, меѓутоа на друго место после употреба две или три години тие возила имаат сосема друга вредност, д кај нас останува да имаат иста вредност.

Со дозвола за набавка на овие возила ќе се зголеми и бројот на квалитетни возила, ќе се дозволи да се врши и стопанска дејност со подобри, квалитетни возила затоа што сега нашите луѓе кои сакаат да се занимаваат со транспорт без разлика дали тоа ќе биде на стоки, или само на луѓе т.е. преку вршење на такси служба со стари возила, што се затечени овде, а немаат капитал да купат нови односно до три години кои се и така скапи на странскиот пазар, ние ќе добиеме наместо сегашните возила кои имаат над 15 односно 20 години старост, да имаат старост помеѓу пет и осум години, затоа што вредноста таму апсолутно се смалува. Значи, основниот елемент за оправдување кај овие возила е екологијата што дозволува на таа старост на возила да не ја загрозува екологијата и економскиот дел, да можат граѓаните да ги купуваат овие возила со кои ќе се служат.

За вториот дел, товарните возила говорам дека староста на овие возила сега е над 20 години во Република Македонија. Тие возила имаат тенденција поради големото ограничување, пет години, а имаат гаранција на два милиони километри, а годишно се минува, нека се земе најголемата граница, 10 0 илјади километри, значи ние дозволуваме да испод половина од векот на траење на едно возило во економска експлоатација да можеме да го имаме овде. Сегашните возила кои се над 20 години практично доаѓа да се употребуваат возила кои немаат употребна вредност. Се постига 2 0 години, ако го земеме овој курс дека 100 илјади километри годишно за траењето на едно возило е 20 години, сегашната старост на возилата е поголема од овој век. Затоа сметам дека со дозвола да се увезат вакви возила со зголемен век на траење, од- носно старост, ќе имаме подобри средства за транспорт, поевтини и навистина економскиот дел, помалку потрошувачка на енергијата, од- носно течното гориво со кое тие се во експлоатација.

Имаме непријатности и со затворање на границата од страна на Грција, што значи уште една причина повеќе да се дозволи да се увезат моторни возила кои имаат и онака многу помала потрошувачка по тон километар, односно по поминат километар или по работен час во експлоатација.

Ова се моите определувања за итност на овој мој предлог.

Ви благодарам, прифатете го, тоа не носи на никој ништо како политичка партија, туку ги задоволува потребите на граѓаните и потребите на стопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме образложението на господинот Томислав Стојановски.

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака. (37 пратеници).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Секогаш кога ќе се предложи нешто од моја страна доаѓа до критично, или 37 или 39. Секогаш при повторно гласање се докажува дека не е добро броењето. Се сомневам во исходот на ова и предлагам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поддржуваат ли 10 пратеници.

(Над 10 пратеници креваат рака во знак на поддршка на предлогот на господинот Томислав Стојановски).

Поддржуваат десет пратеници.

Го молам секретарот да спроведе поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Прилог) .

I/6.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | воздржан |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41 РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | не е тука |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

I/8.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | воздржан |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | воздржан |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74.ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВЅЌИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

I/9.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | за |

II/1/CJ/лј

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, гласале 87 пратеници, 44 гласале за, 23 пратеници гласале против, 20 се воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ве известувам дека пратеникот Стоиле Стојков му предлага на Собранието по итна постапка да го донесе законот за изменување и дополнување на законот за даноците на имот.

Предлогот за донесување на закон по итна постапка со Предлог на закон и мислењето на Владата Ви се доставени.

го молам пратеникот Стоиле Стојков да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, Предлогот за донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот е предложен од следните причини. Ако се знае дека овој закон беше донесен некаде во декември месец 1995 година, меѓутоа се јави еден проблем, околу откупот на становите во општествена сопственост односно кој треба да го плати данокот од продажбата. Во законот децидно стои дека обврзник за оваа давачка кон државата е тој што го продава станот. Во случајот, како продавач на становите се јавува Република Македонија за тоа што затоа што становите се општествена сопственост, минаа во надлежност ан Република Македонија како сопствени. Меѓутоа, што се случи. Подрачните единици на Министерството за финансии односно на управата за јавни приходи граѓаните сакајќи да заверат одредени купопродажни договори наидоа на една пречка затоа што се испостави дека одредени службеници различно ги толкуваа одредбите на овој закон во врска со тоа што на одредени граѓани им велеа дека тие треба да го платат данокот што произлегува од купопродажните договори.

Некои граѓани ги уплатија овие средства иако не се обврзници согласно законот, меѓутоа таа одредба се толкува во еден во кој се вели дека управата за јавни приходи му доставува на обврзникот што произлегува од даноците на имот и на купувачот. Мислам дека оваа одредба создадена една забуна така што имавме различите толкувања на законите. Тоа е основата на првата измена што ја предлагам, односно да се каже децидно, мислам дека е непотребно она, обврската да се достави решението за утврдување на висината на дано: од страна на управата за јавни приходи да му се достави на купувачо1 Мислам дека тоа непотребно, непотребна одредба, тоа е таа основа на измената, односно таа забуна да не се создава. Во меѓувреме Владата кога беше овој закон од моја страна поднесен во процедура децидно ја соопшти одлуката дека Републиката фактички се ослободува на плаќање на овој данок по овој основ, затоа што тие средства би требало да се прелејат и се собираат во Буџетот на Републиката односно државата да плати и повторно да дојде во нејзина сопственост, би се јавиле една двојност. Тоа е разрешено. Меѓутоа, мислам дека оваа одредба донесува забуни и би требало да се избрише дека Управата за јавни приходи е должна и на купувачот да му достави решение за утврдената висина на оваа давачка, односно на данокот што произлегува по основ на купопродажен договор.

Втората измена се однесува по однос на казните што треба граѓаните кои се обврзници по основ на даноците од имот да ги плаќаат неподнесувајќи одредени даночни пријави. Мислам дека казните се превисоки, се наоѓаме во еден период на преминот на еден систем на оданочување кон овој што го усвоивме во пакет за сите видови даноци и мислам дека би требало да се намалат, тоа е основата на вториот член односно на членот со кој би требало овие казни да се намалат затоа што да бидеме свесни одредена група на граѓани и не знаат дека се

обврзници по основ на данокот односно да поднесат пријави по основ на она што произлегува од даноците на имотот. Да ја пријават сопствена што ја поседуваат. Имаме зафрлени села, до нив оваа информација не е стигната дека тие с должни да поднесат даночни пријави по основ на даноците од имот и мислам дека во еден период би требало казните да бидат намалени за да не се случува на пример одземање на возило итн. или за недвижен имот казните да бидат толкави големи како што се предвидени во законот. Тоа е основата на предлогот за изменување и дополнување на законот што произлегува од даноците на имот.

Мислам дека е од техничка природа, само да се одреди децидното како што е во законот кој е обврзникот што произлегува од плаќањето на обврската за купопродажба и втората работа е намалувањето на казните што произлегуваат од неподнесување, повторувам, одредени. групи на граѓани на кои се уште не им е објаснето што значи и дека тоа стои како обврска да поднесат :даночни пријави по основ на даноци од имот.

Тоа е основата, законот е краток, има една кратка содржина и мислам дека ќе најде на прием кај сите пратеници за тоа што се работи за интересите пред се на граѓаните на РМ кои се во исто време и избирачи и на овие пратеници и на идните пратеници.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте образложението на Стоиле Стојков.

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка молам, да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Тодор Петров, Гулистана Марковска, Ефтим Манев и Гоце Андоновски предлагаат по итна постапка да се донесе

II/4.-

Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход.

Предлогот за донесување на законот по итна постапка со Предлогот на законот и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Молам, еден од предлагачите, господинот Петров нека земе збор да ја објасни и да ја образложи основната и неодложна потреба од донесување по итна постапка на овој закон.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Доколку ми дозволи претседателот би дал само кратко образложение од трите точки што се ставени на дневен ред предложени по итна постапка од групата независни пратеници.

На 14 февруари о.г. доставивме Предлог за донесување по итна постапка со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход заедно со изменувањата и дополнувањата на Законот за даноците од имот и Законот за данокот од добивка.

Во барањето до претседателот на Собранието баравме да се свика итна седница сметајќи дека донесувањето на овие закони ќе овозможи попречување на определени нарушувања во стопанството и обезбедувањето на правата на стопанските субјекти и на граѓаните. Со оглед на тоа што од 14 февруари 1994 година решението за свикување на оваа 74-та седница е издадено на 11 март 1994 година го користи- ме деловничкото право да го известиме Собранието дека и бидејќи овие точки се ставени на дневен ред за оваа 74-седница под реден број 18, 19 и 20, го известуваме Собранието дека ги преиначуваме роковите од итна постапка законите да бидат разгледани по скратена постапка.

II/5.-

Според тоа, одлага изјаснувањето сега, потреба од изјаснување. Значи остануваат во дневниот ред како што се предложи од претседателот на Собранието.

Тоа се однесува и на следното. Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка.

Тоа се однесува исто така Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Пратеникот Тодор Петров предлага по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на законот за данокот на промет на производи и услуги.

Го молам пратеникот Тодор Петров да ја образложи основната и недоложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Заради спречување и отстранување на определени нарушувања во стопанството и обезбедувањето на правата на правните субјекти и граѓаните сметам дека постои основана и неодложна потреба да се донесе Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет, на производи и услуги, со Предлог на закон.

Со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за промет на производи и услуги се надминуваат одредени нерегулирани или несоодветни уредени односи во основниот текст на законот на данокот за промет на производи и услуги чии што посебни изменувања и дополнувања ова Собрание ги донесе на крајот од минатата година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за данок ан промет на производи и услуги Службен весник на Република Македонија број 80 од 1993 година донесен на седницата на Собранието на 21

декември 199 3 година во главата II за данокот на промет на производи е извршено дополнување со нов член 5-а според кој "Увозот на производи заради натамошна продажба чија денерска противвредност е до 50 иљади марки се смета како промет на производи на кој се плаќа данок на промет во моментот на настанувањето на обврската за плаќање на царина и други увозни давачки. Исто така на увезените производи заради натамошна продажба чија денарска проттивредност е над 50 иљади германски марки данокот на промет го плаќа увозникот на вредноста на продадени и наплатени производи. Вредноста на овие увезени производи, според Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги се утврдува според пријавите во склучена работа на увоз прифатени од НБМ. Тоа е законската регулатива што ова Собрание ја усвои на седницата од 21 декември 1993 година.

На овој начин Македонија како држава данокот на промет го сврза со вредноста на увезената стока односно воведе обврска за оддданочување на увозот, се разбира, според само за Владата познати критериуми.

Наместо позитивни според Владата очекувани ефекти оваа одредба има повеќе негативни:* ефекти особено што е во спротивност со Уставот на Македонија според неговото логичко читање и затоа ако не вчера, тогаш уште денес треба да се брише од Законот за данокот н а промет на производи и услуги. Имено нарушена е слободата на пазарот и претприемиството, нарушена е ваквата правна положба на правните субјекти на пазарот и наместо државата да преземе мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот со членот 5-а создаде услови за монополска положба на пазарот по прашањето на увозот како право само за субјектите кои вршат увоз на производи чија вредност е над 50 иљади германски марки.

Сето ова е во спротивност со членот 55 ставовите 1 и 2 од Уставот на Македонија, од причини што за едни правни лица данокот се плаќа заедно со царината, а за други правни лица данокот на промет на производи се плаќа на вредноста на продадените и наплатени производи.

Второ, овој член 5-а во спротивност е и со насловот и со содржината на самиот закон. Прашање за надворешно - трговско работење да се регулираат со закон кои третираат прашања од сферата на даноците.

Трето, неефикасноста на даночната администрација во наплатата на даноците односно во контролата на наплатата на даноците и даночната недисциплина на даночните обврзници не можат да се компензираат со ограничувањето на правото на увоз за едни субјекти според едни критериуми, а за други субјекти според други критериуми. Од тие причини се предлага членот 5-а да се брише.

Понатаму, со членот 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги децидно се определени услугите на кои се плаќа данок на промет опфатени во 12 точки. Во тарифата на промет на услуги од Законот за данокот на промет на производи и услуги број 34 од 1992 година' во пет тарифни броеви беше определена даночната ставка за сите овие услуги определени со членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (продолжение)

Меѓутоа, со Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, донесен на седницата на Собранието одржана на 21 декември 19 9 3 година целосно е променета тарифата на данокот на промет, а во тие рамки и на тарифата на данокот на промет на услуги со 3 нови тарифни броеви. При тоа, во тарифниот број 1 направена е намерно, или ненамерно поинаква дефиниција на видот на услугите за кои е пропишано плаќање данок на промет на услуги. Што е во коалиција со членот 18 од основниот текст на Законот за данок на промет на производи и услуги. Имено, во тарифниот број 1 од тарифата за данокот на промет на услуги утврдено е дека цитирам: "Данок на промет на услуги по стапка од 10% се плаќа на промет на сите услуги освен на прометот на услугите предвидени со други тарифни броеви на оваа тарифа, или за кои со законот е предвидено даночно ослободување". На овој начин во даночните управи, односно во подрачните единици на управата за јавни приходи и во Министерството за финансии се јавува едно неправилно толкување и примена на тарифата број 1 од данокот на промет на услуги, односно на граѓаните даночни обврзници кои се регистрирани за вршење на одделни дејности неправилно им се наплатува и наметнува данок на промет на услуги кои не се пропишани со членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги, а што досега не беше практика. Во членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги утврдени се следните услуги за кои децидно е пропишано плаќање данок на промет.

Прво, на услуги на надворешно - трговскиот промет и тоа услуги на увоз на производи, услуги на меѓународната шпедиција и на меѓународни

сообраќајно агенциски услуги, услуги на консигнациона продажба на производи и сервисирање, односно техничко одржување на увезените производи, услуги на застапување.

2. Услуги на промет на производи на големо, 3. банкарски и кредитни и берзански услуги и услуги на платниот промет, 4. услуги на осигурување на имоти и лица, 5. услуги на посредување, 6. услуги на застапување на домашно правно, или физичко лице во прометот на производи и услуги, 7. агенциските услуги, 8. комисиони услуги, 9. услуги за издавање на подвижни предмети во закуп, 10. на транспортни услуги, 11. на сообраќајно агенциски и шпедитерски услуги и во внатрешниот сообраќај и 12. услуги на приредување игри на среќа.

Министерството за финансии и покрај ваквата јасна определба на членот 18 од Законот за видот на услугите за кои се плаќа данок на промет на услуги со свои интерни акти кое е прашање дали се публикувани, или се уште се во некоја фаза на подготовка си зема за право и ги проширува услугите за кои утврдува обврска за плаќање данок на промет за што нема законско овластување. Така Министерството преку Управата за јавни приходи данокот на промет го проширува на следните услуги: туристичко посредување преку агенции и туристички бироа, поправка и одржување на друмски возила, услуги на металопреработувачкото занаетчиство на домаќинствата, поправка и одржување на производи на прецизна механика, други услуги на металопреработувачкото занаетчиство, поправка и одржување на електрични апарати за домаќинството, поправка и одржување на електрични машини и други електротехнички апарати и уреди, поправка и одржување на радио-телевизиски, телефонски апарати и уреди, берберски, фризерски, козметичарски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе расправаме за материјалната содржина на Законот тогаш ќе разговараме за ова. Сега треба да се каже само за основната и итна потреба за донесување на овој закон.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

И редица други услуги кои до сега во досегашната практика не беа утврдени со членот 18. Тоа значи дека Владата спротивно на законските овластувања го проширува видот на услугите за кои наметнува плаќање данок на промет на услуги. Нема наука ниту практика која успеала да изврши поделба меѓу производите и услугите во целост и затоа сите даночни системи се служат со негавистичката дефиниција на даноците на производи и услуги. Затоа и оправданоста од дефинирањето на членовите 18 и 19 на што се плаќа и на што не се плаќа данок на промет на услуги. Имајќи го предвид тоа се предлага тарифниот број 1 да биде променет, а воедно со предлогот на законот се предлага да се изврши проширување на ослободувањето од плаќање данок на промет на следните услуги: производствените услуги што ги вршат правните лица според членот 5 став 2 од Законот за данок на промет, услугите на извозот на производи, услугите кои ги користат дипломатските и конзуларните претставништва под услов на реципроцитет, комуналните услуги, остварената разлика меѓу набавната и продажната цена на производите доколку на промет на производи се плаќа данок на промет на производи, односно акциза, на промет на услуги што се врши без надомест и услуги кои се вршат за сопствени потреби и на адвокатските услуги. Од овие причини и заради зголемувањето на цените на услугите што ќе падне на товар на корисникот на услугата граѓаните како крајни корисници се предлага донесувањето на овој закон и го препорачувам на

Собранието, односно на пратениците да ја усвојат итноста за донесување на овој закон за оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте образложението за основната и итна потреба за донесување на овој закон што го даде г-динот Петров.

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

19 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој предлог.

Пратеникот Тодор Петров предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за игри на среќа и забавни игри на автомати.

Го молам пратеникот Тодор Петров да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор ѓ-динот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлог на законот аз изменување на Законот за игри на среќа и забавни игри на автомати по итна постапка,со Предлог на закон не се поднесува во смисла да го разреши концептот на законското регулирање на игрите на среќа и забавни игри на автомат] кој е донесен од 1987 година, а за жал неусогласен со Уставот на Македонија. Со цитираниот закон кој што е предложен во постапка во Собранието се овозможува отстранување на едно тесно грло/ би рекле во законската регулатива и можност на прелевање на средствата од приредувачите на игри на среќа и забавни игри на автомати на корисниците кои до сега беа предвидени со членот 60. Со цитираниот

закон, па во таа смисла би ја искористл можноста да ја образложам итноста на донесувањето на законот. Со цитираниот закон за игри на среќа и забавни игри на автомати во членот 60 е утврдено дека приредувачите што организираат игри на среќа и забавни игри освен Лотарија на Македонија должни се да уплаќаат 15% од остварениот приход од секоја игра одделно на посебна републичка сметка во рок од 15 дена од денот на приредувањето на играта на среќа, односно на забавната игра на автомати. Оваа обврска се однесува и на делот на приходите што ги остваруваат приредувачите што организираат игри на среќа и забавни игри на автомати, заедно со Лотарија на Македонија, така што за неуплатениот износ се плаќа камата пропишана со закон.

Во членот 61 став 1 точка 3 е предвидено дека приходите што ги остварува Лотарија на Македонија, Советот на Лотаријата меѓу другото ги распределува и за финансирање на социјална заштита, на програмите на социјално хуманитарните организации и на Црвениот крст на Македонија, на општествените организации во областа на физичката култура, на техничката култура, како и за научно - истражувачки работни акции и други воспитно рекреативни активности на младите.

Во членот 63 е наведено колку се пренесуваат средствата од членот 61 став 1 точка 3. Повеќето субјекти од кои Самоуправната интересна заедница за социјална заштита и СИЗ-от за физичка култура кои веќе не постојат, не постои Сојузот на социјалистичката младина, а финансирањето на дел од активностите за обврски кои се покриваа со укинатите СИЗ-ови се финансираат преку Буџетот на Македонија.

III/6

На седницата на Уставниот суд на Македонија одржана на 6 октомври 1993 година донесена е одлука со која се укинати членовите 38 и 60 во делот што се однесува на исклучувањето на Лотарија на Македонија од обврската за издвојување 15% од остварениот приход на посебна републичка сметка. Судот оценил дека со членот 60 од Законот обврската за издвојување на 15% од приходот од игри на среќа се утврдува за сите приредувачи на игри, освен на Лотарија на Македонија со што овие субјекти се доведуваат во нееднаква положба. Заради тоа Уставниот суд оценил дека членот 60 во делот со кој се исклучува Лотарија на Македонија треба да се однесува за сите субјекти приредувачи на игри на среќа и дека е во спротивност со Уставот на Македонија. Со ваквата одлука на Уставниот суд на Македонија од Законот за игри на среќа забавни игри на автомати произлезе дека сите приредувачи на игри на среќа и на забавни игри на автомати гаа и Лотарија на Македонија еднаква по положба и права на пазарот имаат обврска по издвојувањето на износот од добивките да уплатат 15% од остварениот приход од секоја игра на посебна републичка сметка во рок од 15 дена на приредувањето на играта ан среќа. Постапувајќи по одлуката на Уставниот суд на Македонија и примената на одредбите од Законот за игри на среќа и забавни игри на автомати, Советот на Лотарија на Македонија на седницата одржана на 28 декември 1993 година донесе заклучок со кој констатира дека Уставниот суд ја изедначува Лотарија на Македонија со останатите приредувачи. И понатаму во својот заклучок наведува дека во делот на распределбата на овие средства без материјална основа распределба нема да врши на крајните корисни! туку тие ќе се уплатуваат на посебна републичка сметка во Владата на Македонија. Де факто и де јуре иако Лотарија на Македонија ги оствaруваше правата и обврските на распределба на

средствата од членот 61 став 1 точка 3 директно пренесувајќи ги на сметките на субјектите од членот 63 на овој закон со одлуката на Уставниот суд на Македонија тоа право премина во Владата на РМ. Меѓутоа Владата на РМ оваа своја обврска не ја остварува редовно, а ОД ноември 19 9 3 година воопшто не ја применува, се разбира на начинот предвиден со овој закон независно што Владата преку Буџетот врши распределба за остварување на дејноста на субјектите од областа на социјалната заштита, физичката култура, младинскиот совет, народна техника итн. Предлогот за донесување на закон по итна постапка за изменување на Законот за игри на среќа, забавни игри на автомати се предлага од причини начинот на финансирање на Републичката конференција на социјално хуманитарните организации и Црвениот крст на Македонија да се финансираат за делот од приходите од секоја игра на среќа директно од самите приредувачи на игрите и од Лотарија на Македонија како што се практикуваше до донесувањето на одлуката на Уставниот суд на Македонија. Во таа смисла имајќи предвид дека од ноември 1993 година Републичката конференција за социјално хуманитарните организации и Црвениот крст на Македонија не остваруваат никакви средства по овој основ со апстиненција на Владата да ја примени законската одредба, да донесе одлука за распределба на овие средства, оставени се без никакви финансии во финансирањето на дејностите и сопствените активности. Имајќи го предвид значењето на овие организации се предлага со кратка интервенција во основниот текст на законот само во делот 60, од 61 и 63 од Законот за игри на среќа и забавни игри приредувачите што организираат игри ан среќа и забавни игри на автомати да бидат обврзани во рок о 15 дена од денот на

приредувањето на играта на среќа односно на забавната игра на автомат да уплатат од остварениот приход од секоја игра одделно, директно 10% на сметката на Републичката конференција на социјално хуманитарните организации и 5% на сметката на Црвениот крст на Македонија. На тој начин нема потреба од обврска на Владата која што законски воопшто и не ја извршува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ислушавте образложението за основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака. (24 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои овој предлог.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас го изразувам моето сомневање во резултатот од гласањето и доколку 10 пратеници го поддржат предлогот, барам да се изврши поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 10 пратеници.

Молам, секретарот нека спроведе поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

III/10

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41 РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

III/11

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74.ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | воздржан |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | воздржан |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | воздржан |

IV/1.- JJ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Откако беа прочитани и прозвани сите пратеници, дополнително влегоа други во салата кои не гласале и молам да се изјаснат.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Коле Луловски, за
Драги Гроздановски, за
Петре Трајкоски, за
Борко Горчески, за
Дали има други? (Нема).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 63 пратеници.

34 пратеници гласале за, 17 против и 12 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој предлог.

Пратеникот Драги Арсов предлага дневниот ред да се до- полни со предлог за донесување на закон за изборот на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон, како и со предлог за донесување на закон за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

Кој е за предлогот на пратеникот Драги Арсов, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот на господинот Драги Арсов
не е усвоен.

Пратеникот Ристо Јованов предлага дневниот ред да се дополни со Информација за распределба на станови на функционери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

IV/2.-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници предлагам да не биде информација туку да биде пратеничко прашање на кое имам спремено одговор и денеска ќе го дадам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е друго прашање пратеничко. Значи не прифаќате.

(Меѓувреме пратеникот Ристо Јованов излегува спрема говорницата).

Господине Јованов ве молам седнете си на местото.

Кој е за предлогот на пратеникот Ристо Јованов да крене рака.

(Пратениците креваат рака). 14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен. (Во меѓувреме господинот Ристо Јованов бара збор и излегува на говорницата).

Не, не, ама ако предлагате итна постапка да. Не може да барате збор, тоа е информација и не може итни постапки по информации. Седнете си на местото. Ве молам седнете си на местото таму. Господине Ристо седнете си. Господине Ристо не ви дадов збор. (Пратеникот Јованов веќе е на говорницата). Извинете јас не ви дадов збор. Овде само јас давам збор. Никој не може да си земе збор. Јас не ви дадов збор и ве молам седнете си. Ве молам седнете си.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Не може вие да не ми дадете збор, не е ваше Собраниево

Давањето на збор е само мое право.

Ја прекинувам седницата и ќе ја презакажам. Ве молам напуштете ја говорницата.

Давам пауза. Ќе соопштам кога ќе почне, тогаш кога ќе го наговориме господинот Ристо да се однесува како пратеник.

(Пауза). По паузата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ристо Јованов, како деловничка интервенција. Можете да излезете и да се изјасните само како за деловничка интервенција. Тоа што го сакате не е во расправа и не е за дневен ред утврдено. Вие не може за тоа да зборувате. Ако имате деловничка интервенција или прашање може да поставите. Инаку не е тоа на дневен ред. Не ви следува збор.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Вие не ми дадовте можност ниту да побарам збор и да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За што.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Вие не ми дадовте никаква можност. Можев да објаснам и да ме поддржат 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За што.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

За да образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа не треба, зашто вие сте дале писмен предлог. Јас ги запознав пратениците за тоа дека сте дале предлог.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Ама веќе се гласаше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама не сме гласале. Колку беа гласовите. За беа 14 гласа.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Не ми дадовте можност ни тоа да го побарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде барајте. Повелете. Ама што, информација да даде- те. Не може информација да дадете.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Како ќе знаат за што да гласаат пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Информацијата како предлог е поделена, како предлог. Тоа е дадено и немате право да го образлагате, што не е на дневен ред.

Господине Ристо повелете ако имате деловничка забелешка кажете јас добро сега ви објаснив и ве молам ослободете ја говорницата. Дадовте деловничка забелешка, ќе гласаме и ќе видиме. Ако ви ја усвојат во ред.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Ама не ми давате да образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема што да се образложи, вие сте дале информација.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Прашањето сакам да го образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе биде на дневен ред и ако се усвои, а бидејќи не се усвои нема што да образложиш.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Како ќе се усвои кога не можам да образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само кога ќе се усвои да биде на дневен ред, тогаш. Ете така. А сега ослободете ја говорницата. (Реакции). Повторно ја прекинувам седницата.

Не можам да дозволувам овде да се запоседнува говорницата.

Продолжуваме со работа во 15 часот, а до тогаш ги молам луѓето од Демократската партија нека си се разјаснат меѓу себе за да овозможат Собранието да работи.

(Седницата прекина со работа во 13 часот).

V/1.-ДВ/ОМ

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јавува господинот Ристо Јованов.

Меѓутоа јас господа пратеници само за едно Ве молам. Ако господинот Ристо Јованов побара поединечно гласање може. Ако има деловничка забелешка и тоа може. Ако сака да зборува за други работи без да се внесе во дневен ред точката, да му дадеме да зборува овој пат само на Ристо Јованов . Инаку ние не можеме да си ја тера! работата. Тој кај нас не покажа разбирање за таа работа, а Ве молам сите Вие да покажете разбирање да можеме да го утврдиме дневниот ред и да работиме (негодување во салата) Ве молам, тоа е моја молба (негодување од пратениците, нема молба).

Добро, господинот Ристо Јованов ако сака поединечно гласање и ако има деловничка забелешка може да каже.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе уште еднаш се обраќам до Вас.

По кој Деловник Вие толкувате дека јас немам право да ја образложам точката што се става на дневен ред. Според тоа јас Ви одговарам - врз основа на членот 67 став 2 од Уставот на Република Македонија претседателот на Собранието го претставува Собранието, се грижи за примената на деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот и со Деловникот на Собранието и ништо повеќе и помалку. А грижејќи се за примената на деловникот на Собранието претседателот Стојан Андов треба да се потсети на неговата обврска должност да го почитува членот 99 од Деловникот на Собранието кој гласи: "секој пратеник може и на седницата да предложи на дневен ред на таа седница да се стави определено прашање , и кој не е должен да

V/2.-

ја образложи итноста на тој предлог". На седницата најнапред се расправа за итноста. Според тоа не може претседателот Андов ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е деловнички приговор. Ве молам изложете го тој деловнички приговор.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Ме интересира како се доделени становите ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е друго. Тоа веќе не е приговор.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Тоа е образлагање на точката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата, ќе Ви одговорам на деловничкиот приговор.

На седницата во времето кога се утврдува дневниот ред секој пратеник има право да даде предлог за дополнување и изменување на дневниот ред. Ако е за дополнување на дневниот ред има право тоа и да го образложи, затоа што тогаш го дава.

Господинот Ристо Јованов даде писмен предлог, ние тој предлог го добивме и е уврстен овде како негов предлог и јас го прочитав. Според тоа, тоа не е дадено на седницата. По тој повод нема што да појаснувам. Таму објаснување не е предвидено. Тоа е прво.

Второ, господинот Ристо Јованов се јави да објасни откако се изврши првото гласање. Значи после гласањето се што може господинот Ристо Јованов,а во согласност со деловникот е да бара поединечно

V/3.-

гласање ако го подржат десет пратеници. Тој ни кажа дека овде сака да прочита образложение. Расправата за тоа не е отворена, не можеме, тоа не е на дневен ред и само може да бара ако го подржат десет пратеници да одиме на поединечно гласање. Тоа е по Деловникот.

Меѓутоа, бидејќи, јас едноставно немам сили и интерес господинот Ристо Јованов да го убедувам што е по Деловникот, предлагам, ако на господинот Ристо Јованов му е доволно неговите приговори да ги дадам на изјаснување на Собранието, да гласаме. ако не да му дадеме да зборува што сака. И надвор од Деловникот и против деловникот, само да не пушти после да работиме како Парламент, бидејќи ние за тоа сме дојдени (дофрлување во салата).

Добро господине Арсов. Јас се согласувам со Вас, јас знам дека така не смееме да правиме, меѓутоа ни е блокирана говорницата. Јас друг инструмент немам за работа на Собранието. Тоа е.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине Андов, крајно сте некоректни спрема пратениците, ни спрема Господ затоа што не сте му верувале на Господа.

Ве молам јас побарав збор, а Вие не ми дадовте. Сето тоа го изведовте за дваесет секунди, кој е против , кој е за и сега велите дека јас овде се однесувам насилнички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можам уште два пати да објаснам ако треба. Вие образ- ложете го деловнички приговорот.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Само тоа се сеќавам дека Вие нешто мешавте демократска партија и т.н. Јас настапувам како пратеник Ристо Јованов и Ве молам оставете ме да си ја образложам точката.

V/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, не. Тоа не ми даваат пратениците господине Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Тоа ми го дозволува мене Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловникот на Вас токму тоа не Ви го дозволува.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Вие си го толкувате Деловникот како Вас што Ви одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па добро господине Јованов, добро прочитавте и во Уставот . Јас се грижам за спроведување на Деловникот, не Вие.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Вие ја водите седницата, а ние пратениците одговараме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас пак предлагам, ако може, прифаќате ли Ве молам да го слушнеме пратеникот Ристо Јованов (не).

Гледате дека пратениците не прифаќаат господине Јованов, Собранието не прифаќа.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Имам право по Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По Деловникот немате право.

Ве молам ако можеме денес барем дневниот ред да го утврдиме, навистина се наоѓаме пред многу сериозни задачи.  Јас му давам

можниот но еве пратениците не прифаќаат.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас ќе ја напуштам говорницата ама после ќе се вратам пак и истото ќе го кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Јованов сега не бара збор.

Предлагам да одиме натаму.

По укажување на Владата на Република Македонија и Министерството за наука дека се работи за закон кој е од исклучителна важност предлагам Предлогот за донесување на законот за универзитет да го уврстиме на дневен ред на оваа седница и тој да се разгледа во постапка со скратени рокови.

Кој е за овој предлог молам, да крене рака (67)

Дали има некој против (1)

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Стоиле Стојков поднесе барање за давање автентично толкување на член 10 од Законот за внатрешни работи кој е од одредени технички причини и навреме не е доставено до ЗПК и на мислење до Владата на Република Македонија. Меѓутоа со оглед на времето што е поминато од неговото доставување, предлагам барањето за давање автентично толкување да го уврстиме во дневниот ред на оваа седница како последна точка, а во меѓувреме ЗПК да го разгледа и на Собранието да му достави Предлог аз автентично толкување односно извештај.

Кој е за овој предлог молам да крене рака (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеничката Ратка Димитрова овде на седницата поднесе предлог за уврстување во дневниот ред информација во врска со најновата изјава на Ванден Брук.по повод ембаргото на Грција спрема Македонија.

Дали госпоѓата Димитрова е тука? (не е)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог дали да се уврсти ваква информација.

Има збор господинот Ристо Иванов, потпретседател во Владата на Република Македонија.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата смета дека по ова прашање не би требало да се расправа на седница на Собрание затоа што се работи за изјава на одредени политичари, не се работи за конкретна одлука која обврзува и од неа произлегуваат одредени обврски. Затоа сметаме дека на Собранието би требало да се разговара само за конкретни документи кои би требало да бидат верификувани или потпишани. затоа што значат поединечни изјави во рамки на Владата се вршат соодветни расправи и анализи и се определува начинот на настапување на нашата земја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на госпоѓата Димитрова, да се уврсти во дневниот ред на оваа седница информација во врска со најновата изјава на Ванден Брук по повод ембаргото на Грција спрема Македонија.

V/7.-

Кој е замолам, да крене рака? (21)

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Со оглед на актуелноста и значењето на прашањата кои се на дневен ред на оваа седница предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на точките од дневниот ред.

Кој е за овој предлог молам , да крене рака? (54)

Дали некој е против? (13)

Дали некој се воздржува од гласаше (6)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Со оглед на значењето на изборните закони, како и врз основа на дописите на Владата на Република Македонија и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата со кој се бара одделни предлози на акти да имаат приоритет во разгледувањето , за оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за избор на претседател на Република Македонија;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници;

3. Предлог на закон за политичките партии;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избирачките списоци;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

б. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радио- дифузија, со Предлог на закон;

7. Предлог на закон за изменување на - , Законот за надворешно -трговско работење:

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход , со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за даноците на имот, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународни финансиски организации, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за административните такси со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Ре- публика Македонија и Европската банка на обнова и развој за кредитот (проект на сектор за енергетика), со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија потпишана на 25 ноември 1993 година во Софија, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон з изменување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонирани. е девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплатата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година, со Предлог на закон;

18. Предлог на закон за научно истражувачка дејност;

19. Предлог за донесување на закон за Универзитет;

20. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана со, Предлог на закон;.

21. Предлог на одлука за основање на јавно претпријатие во мешовита сопственост за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас;

22. Предлог на одлука за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионална патна мрежа во Република Македонија за 1994 година;

23. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните . работници;

24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

25. Предлози на одлуки за именување вице гувернери на Народната банка на Република Македонија;

26. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хацивасилев-Јасмин "

27. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување;

28. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на. Републиката во Советот на Факултетот за музичка уметност во Скопје;

29. Предлози на одлуки за именување членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи;

30. Предлози на одлуки за избор на членови на управни одбори на одделни здравствени организации;

31. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството;

32. Предлог на одлука на разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Титов Велес;

33. Предлог за донесување закон за денационализација;

34. Предлог за донесување на закон за просторно и урбанистичко планирање;

35. Предлог за донесување на закон за ловство;

36. Предлог за донесување на закон за Институции за јавно информирање.

37 Предлог за донесување на закон за наследувањето;.

38. Предлог за донесување на закон за јавните собири

39. Предлог за донесување на закон за средното образование и воспитание;

40. Нацрт на закон за тутунот;

41 Нацрт на закон за социјална заштита;

42.. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоците, со Предлог на закон;

VI/2.-

43. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за предучилишно воспита- ние и образование, со Предлог на Закон;

44. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за насочено образование, со Предлог на закон;

45. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, со Предлог на закон "Службен весник на СРМ" бр. 37/79);

46. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, со Предлог на закон ("Службен лист на СФРЈ" бр. 22/78 и 18/88);

47. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

48. Предлог за донесување закон за

изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, со Предлог на закон;

49. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста, со Предлог на закон;

50. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба, со Предлог на закон;

51. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прерамените продукти и на предметите за општа употреба, со Предлог на закон;

VI/3.-

52. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело, со Предлог на закон;

53. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување, со Предлог на закон;

54. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за процесна постапка, со Предлог на закон;

55. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршната постапка, со Предлог на закон;

56. Предлог за донесување на закон за преименување на името на општината Титов Велес во Велес, со Предлог на закон;

57. Предлог за донесување на закон за Црвениот крст на Република Македонија, со Предлог на закон.

58. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за архив- ската граѓа, со Предлог на закон;

59. Предлог за донесување на закон за Дирекција за цивилна воздушна пловидба, со Предлог на закон;

60. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон;

61. Предлог за донесување на закон за личното име, со Предлог на закон;

VI/4.-

62. Предлог за донесување на закон за матична евиденција, со Предлог на закон;

63. Предлог на закон за личната карта;

64. Предлог на закон за внатрешни работи;

65. Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање;

66. Предлог на закон за експропријација;

67. Предлог на закон за трговија;

68. Предлог на закон за угостителска и туристичка дејност;

69 Предлог на закон за безбедноста на транспортот за нафтоводи и гасоводи;

70. Предлог на закон за семе и саден материјал, земјоделски и шумски растенија;

71. Предлог на закон за санитарна и здравствена инспекција;

72. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција;

73. Предлог на одлука за припојување на Заводот за рехабилитација на слух,говор и глас Скопје, кон Медицинскиот факултет 003Т клиники- Скопје;

74 Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Центарот за социјална работа- Ресен;

75 Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за образование и физичка култура д-р Димитар Бајалџиев;

76. Информација по повод донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр 67/73

77. Барање за давање автентично дополнување на член 10 од Законот за внатрешни работи, поднесено од пратеникот Стоиле Стојков.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

(Претседателот ги запишува пријавените пратеници)

Имаме 7 иницијативи односно барања за дополнување на дневниот ред, а дали ќе бидат со едно или повеќе, ќе видиме.

Прв бара збор г-динот Пановски

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници,

Јас имам два предлога за измена и дополнување на предложениот дневен ред.

Најпрвин, инсистирам за една моја точка предложена пред година ипол и која беше ставена на дневен ред на 51-та седница а што ние познато дека никогаш не заврши, исто така на 68-та седница беше ставена на дневен ред, но никако да дојде на дневен ред. Очигледно се сака таа точка некогаш овој Парламент да не ја разгледа. Имено , се однесува на Информацијата што требаше како пратеници да ја добиеме за тоа кој од нашите колеги пратеници, кои функционери односно министри во Владата ја злоупотребија својата висока функција и во времето кога не можеше обичниот граѓанин да ги подигне своите девизни заштеди Тие си ги подигнаа. Таа точка, повторувам, беше ставена на дневен ред на 51-та и 68-та седница, по таа точка се произнесоа Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет на заедничката седница одржана на 16 декември 1992 година што значи пред годинаипол и затоа предлагам оваа точка да биде

ставена како прва, бидејќи нема да има многу дискусија, туку едноставно заклучоците што ги донесоа овие две комисии да ги изгласаме без многу дискусија и јавноста во РМ да биде запознаена кои од нас овде што седиме и од Владата ја злоупотребиле својата висока државна функција што ја обавуваат и во времето кога не можеше обичниот граѓанин да ги подигни своите девизи тие си ги подигнаа своите девизи.

Значи, предлагам без дискусија ова точка да биде ставена како прва точка на дневниот ред.

Второ, втора точка што предлагам да биде ставена на дневен ред, не мора да биде како прва, бидејќи оваа ќе биде прва, па (смеење во салата ) добро вие можете да се смеете тоа никој не ви брани, барем гласајте да биде ставена точката на дневен ред како пкрва народот да може да види со каков морал сите располагаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие само продолжете не се убедувајте со поединци.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Втора точка што предлагам да биде ставена на дневен ред е Владата да ни достави Информација околу злоупотребите на јавната функција ШТОЈЈК вршат министрите во Владата конкретно при распределбата на локациите за Фришоповите во РМ, бидејќи во јавноста веќе беше кажано дека одредени високи функционери во Владата конкретно министри, министерот Фрчковски, неговиот брат, сопругот на министер ката Гордана Силјановска, сопругот на високиот функционер на власта во Владата Ленче Софрониевска, ја злоупотребиле својата висока државна функција и успеале на еден начин да ја материјализираат, што за мене е неспоиво во државите со развиен парламентаризам.

Затоа инсистирам овие две точки посебно да се гласаат, а за заробените девизи што предложив инсистирам да биде ставена како прва точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да ги слушнеме другите предлози предлагам да се произнесеме за овие предлози.

Прво, Информација за заробените девизи, како што ја формулира г-динот Пановски, тоа го има во стенограмот, па молам кој е за да крене рака?

Само да се разбереме не како прва точка . Друго е после за редоследот. Сега гласаме само дали да се уврсти на дневен ред, а за редоследот ќе видиме. Оти имаме нешто поважно од ова.

За ставање на дневен ред на оваа точка гласаа 68 пратеници

Другиот предлог е Информација за евентуалните злоупотреби бидејќи формулацијата на г-динот Пановски е за злоупотреба, а тој знае за што се работи не треба никој да го информира туку само како евентуални злоупотреби тогаш би имало смисла да се информира. Значи, Информација за евентуалните злоупотреби на јавната функција на членовите на Владата и високи државни функционери и пратеници за локации на Фришоповите.

Дали претставникот на Владата по овој предлог нешто сака да каже? (Владата нема забелешки).

Која е за, молам да крене рака? (75)

Според тоа, овие две точки се уврстени на дневен ред на седницата.

Има збор пратеникот Трајан Мицевски.

VI/8.-

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,

Имам два предлага за дополнување на дневниот ред,. Прво, со поднесување на Законот за високото и средното образование предлагам заедно со овие два закони да се донесе и Законто за основното образование затоа што ние почнуваме куќа без темел оти основното е прво основното образование, па средното, па високото. Ние го правиме обратното одозгора па надолу. Тука има некои работи што беа потенцирани од порано кога забавиштата беа одземени од основното образование и префрлени во градинките и со овој Закон требаше да си го остварат своето право и затоа предлагам овој Закон да се донесе во пакет Закон за основното образование, Закон за средното образование и Закон за високото образование.

Вториот предлог е на една од минатите седници сите комисии поминаа само не помина, изгледа намерно се изостави, Анкетната комисија, па предлагам со овие предлози сега кои се предложени на оваа седница на Собранието да помина и Анкетната комисија за настаните во РЕК Битола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, прво Закон за основно образование никој не ни доставил.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Не е точно дека не е изработен закон, неколкупати е враќан на Владата, со сигурност ви тврдам дека има закон за основното образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Мицевски може да има направен текст во Министерството на закон за образование и во комисиите на Владата, но ние не сме

добиле во Собранието таков закон, Ве молам. Ние не можеме да ставиме на дневен ред нешто што не сме добиле. Треба некој да ни го прати тој закон. Ова не можам да го ставам на изјаснување затоа што деловнички не е исполнет условот.

За Комисијата веќе имаме донесено одлука сега се работи за состав на Комисијата. Дали е така г-дине Мицевски?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Комисијата за избор и именувања има дадено предлог за формирање на оваа Комисија,само треба да помине на Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како посебна точка да се утврди состав на Анкетната комисија за настаните во РЕК Битола. Предлогот на Мицевски така е формулиран. Оваа точка е веќе уврстена на една од поранешните седници, сега ни треба Сс1мо составот.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека овој предлог на г-динот Мицевски е прифатен.

Има збор г-динот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници,

Предлагам како точка на дневен ред на оваа седница да се стави прашањето односно проблемите предизвикани со положбата на стечајните работници во Република Македонија.

VI/10.-

Сите знаете дека ова прашање е актуелно затоа што во меѓу-време имаме еден протест на стечајните работници со запоседнување на општинските собранија во повеќе општини од РМ. Исто така, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ уште на 24 февруари 1994 година испрати предлогот до Собранието да одржи посебна седница за оваа проблематика односно за проблематиката на стечајните работници каде е наведено дека Владата би требало да изготви една Информација. За жал, на нашето барање не е одговорено и затоа го преформулираме да биде точка на дневен ред.

Исто така, сите знаете дека проблемот е актуелен во сите општини и се надевам дека повеќето пратеници ќе ја предложат оваа точка на дневен ред да се расправа. Меѓутоа, предлагам исто така оваа точка поради својата итност да биде на дневен ред веднаш после расправата за пакетот изборни закони.

VII/1

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, го чувте предлогот за внесување во дневен ред што го даде господинот Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ние бараме, прво, да се подготви информација, па после да се расправа на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, Владата нема ништо против тоа, само би сакал да се расправа од кога ќе се подготви информација. За тие работи не расправаме, имаме јасен предлог, а имаме и мислење на Владата. За тоа Собранието одлучува.

Кој е за предлогот на господинот Стоиле Стојков, нека крене рака?

Седумдесет пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен. Господин Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, да му заблагодариме на господ дека веќе почнуваме да се освестуваме. Овие работи Митко Анастасовски ги има кажано кога влезе во Собранието. А сега сакаме за 2 дена се да решиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е предлогот?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Многу работи што се кажаа, многу предлози и сега носиме во еден пат 88 закони. Значи, ви благодарам на се. Стечајни работници, тоа го

кажа господинот Стојков, така ги нарекувавме едно време и тие што ги испраќавме во неповрат, привремена работа во странство, тоа Анастасовски го кажа и тие никогаш не се вратиле и нема да се вратат.

Едно прашање сакам да поставам ако може да влезе во дневниот ред , мој предлог е, затоа што ни;стои нерешено едно големо прашање. Што со капиталната индустрија на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега не се прашања на пратениците, дали имате предлог

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлог да влезе во дневен ред и да се дискутира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што да влезе во дневниот ред?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И да се дискутира во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама што, што да влезе во дневниот ред?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Затоа што најмногу имаме стечајни работници токму во капиталната индустрија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За стечајните работници влезе во дневниот ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ако е влезено и тоа во дневниот ред , тогаш јас ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Влезено е, па не може сега за секој стечаен работник посебно да расправаме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Меѓутоа, влезе и едно друго прашање (не се смејте, зашто ќе плачете и вие).

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас ја предлагам следната точка за дополнување на дневниот ред и Информација за распределба на становите на функционери и пратеници и сакам да ја образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа не можете да го предложите и да го образложите затоа што по тоа се произнесе Собранието. Ова Собрание гласаше и се произнесе по тоа. Не можете веќе да го предлагате тоа.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Вие господине Андов не сакате јас да ја поставам точка1 на дневен ред и јас почнувам да си ја образложувам. Ме интересира како се доделени становите на петте величествени пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мораме да го прашаме Собранието дали надвор од Деловникот ќе биде дозволено да зборувате што ќе ви падне на памет.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

По кој критериум, по кои бодови , дали се жители на Скопје, дали децата им се смрзнати и живеат на улица? б) Зошто ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа се прашања навистина, тоа се пратенички прашања, поставете ги после, ќе имаме таква точка.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас ја образложувам точката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не постои таа точка. Од тој ваш предлог Собранието се произнесе господине Јованов. Ве молам, разберете.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Зошто и оние кои што конкурирале не се известени дека за толку бодови се на 3-то, 5-то, 100-то место и дали е некој многу заслужен...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам стрепете се сега. Добро, ајде повелете.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Во која куња се изработувала ранг листата, ме интересира на која листа се оние што не добиле. Може на прво место по оваа листа да се стигне само ако имаш куќа во своето место на живеење, два општествени стана и да може прв да бидеш на оваа листа. Таинствена, изработена во некое многу далечно време. Ова ми личи на ноќна берба, господо пратеници. Ајде сега да си ги поделиме становите по горе наведените критериуми. Па, кој ни може, се е наше. Овдека ми лични нема право на жалба, нема право на приговор што е нон сенс во правната држава што овие ги доделувале становите, а постојано се колнат. Ова ми изгледа како онаа народната кадија те тужи, кадија те суди. По се изгледа овде е критериум да си добар, послушен, добар извршител, добар кадровик, добар во партијата на која и припаѓаш и наеднаш решија да си ги поделат станови како да се крушки.

1) Наќе Стојановски, од Демир Хисар, жител на истото место, со куќа и со општествен стан во Демир Хисар му доделуваат т.е. му подарува владината комисија општествен стан четворособен. Како ќе го исшета самец е, нека му е со среќа.

2) Петар Георѓиев од Кавадарци со два општествени стана кога доаѓа во Скопје веднаш добива службен стан за да го користат неговите деца кои студираат во Скопје а тој и понатаму си живее во Кавадарци и сега наеднаш прв на листата за да добие 98 квадрати општествен стан, по се изгледа по препорака на неговиот челник т.е. партиски лидер и за жал претседател на Собранието г-дин Стојан Андов, кој цел ден не ми дава збор.

Но, доделувањето на станови се покажува како добар инструмент за партиско дисциплинирање и тука Андов се покажува доста јак, што би рекол еден пратеник бабачко. Нека господ му помогне на господин Мурати. Нека каже во ова Собрание на кој начин си го откупил општествениот стан во Тетово и со кое право сега добива општествен стан во Скопје, четворособен . Ако е помал, срамота е господо, потпретседател е човекот на Собранието. Го прашувам која беше цената што грешеше да ја плати Владата, за да ПДП ја повлече декларацијата за рамноправност на албанците. Во крајна линија сега очигледно е пред македонската и светската јавност дека СДСМ и ПДП се потполно рамноправни.

Четврто, г-дин Никола Поповски , не знам каков стан досега имал, некој општествено си го отстапил, не е битно, сега по измислен критериум како награда добива веднаш толкав стан што цел ден не може да го исшета нека му е со среќа. Добар кадровик е во СДСМ , мора секој да си го чува, негува одраснува, да си го гали својот млад кадар и да му даде на подарок четворособен стан. Аферим бре Никола.

Исто така, Владината комисија која предводи како челник, хрватите велат како бојовник, г-динот министер Туше Гошев кој е задолжен да го штити правото им доделува и на најпослушните или нај именуваните директори од Владата на јавните претпријатија, пример, г-динот Коле Спасовски, кој со самото влегување во електро стопанство на првата скала на првиот ден му се купува стан од 125 квадрати. А тој како добар стопанственик во знак на благодарност за укажаната доверба и купениот стан према Владата им возвраќа на граѓаните со цената од зимската тарифа во целата година. Нормална работа, цената на купениот стан некој треба да ја плаќа. А покрај него уште на други ќе им се доделуваат станови без никакви критериуми.

Дами и господа. Господинот Горѓи Спасов новопечен претставник ан народот т.е. на државата, кој не ја доби довербата на првите повеќе партиски избори добива стан од 33 квадрати за лична потреба. Еден кавадарчанец рече за ноќна берба, само не знам каква. Господо, за да знае јавноста овој ново печен амбасадор во Република Бугарија е висок

функционер од СДСМ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го опоменувам говорникот према високите функционери и државни функционери во Републиката да не с еоднесуваат со таков недостаток на непочитание. Амбасадор ние сега праќаме и овде од говорницата се плука без основа, новопечен или таков, тоа е многу лоша работа. Ве молам. Тој сите нас сите не претставува.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Висок функционер во СДСМ само во прашање е како тоа го третира современата социолошка наука што би рекол тој господин.

Во рамките на сето ова не треба да заборавиме и фактот дека оваа Влада , изразувајќи им благодарност за полтронството и послушноста во стилот:колку што повеќе плукаш по опозицијата, ја величиш Владата, станови им доделува и на определените новинари, вработени во партискиот социјалдемократски весник, во Нова Македонија во партискиот либерален весник Вечер и во владината македонска Радио телевизија. Оваа Влада, која е должна да ги спроведува законите и да го контролира нивното исполнување ситата фларгантно ги крши законите, без да постапи согласно законите. Оваа владина комисија, кој ја прави ноќната берба на заинтересираните не ги информира да каже каде е постапката и на кој перон сме на чекање, човек да може да го искористи својот билет и да може да побара и некоја судска заштита, затоа што господата што ја спомнувам од уста не им излегува , постојано се колнат во правната држава и во владеењето на правото.

Дами и господо, народни пратеници, сето ова не е дејство на овластената комисија владина, туку е дејство на една корумпирана и мафијашка влада која работи спротивно на законите и се прави што на неа и е драго и мило. Иритиран од сето ова постапката што е изведена при делбата, т.е. при грабнувањето на општествените станови се зборува околу 30 станови е направена нај- големата ноќна берба, што ја направи владината комисија диригирана од познатите куњи на минатото, сакам Собранието да го разгледа ова прашање и да и препорача на Владата распределбата на становите за функционерите да се врши однапред по објективно утврдени критериуми а не по критериум само на господинот Туше Гошев. Како ќе му се шепне од повисоките органи. Во спротивно се потврдува дека: стан може да добие само оној кој што има партиска книшка на партиите во Владата и се лојални на господата Глигоров, Андов и Бранко Црвенковски.

Дами и господа. исто за станови се зборува во Тетово се доста на располагање останати од источно европските земји. Клучо го има Министерството за труд и социјална политика, господинот Сабриу. Се користат само за певаљките од Косово и од Албанија . Нека му е со среќа.

На крајот, дами и господа пратеници, покажете се сега и докажете ги вашите афинитети дека сте за правна држава, а не за кражби, а не како што е направено на овој начин. Со ова ќе се види дали сте во право или не што ова го изнесов.

**СТОЈАН АНОДВ:**

Ова е цената за да можеме да работиме. Се разбира мораше да исслушаме.

Господин Гошев.

Предлог е ова пак да се уврстува на дневен ред.

Дали да го уврстуваме, повторно е како предлог.

Почитувани дами и господа пратеници, ако дозволите, искажаните видувања за господинот пратеник не се точни. Единствено за генералниот директор на електро стопанството нашата комисија ниту му има доделено ниту има пак таков стан, ниту на новинарите бидејќи тие новинари имаат добиено од самоуправната интересна заедница за становање, за време на користење од 6 месеци до 1 година, така што никој тие дезинформации што се пуштени јас лично и најодговорно ги демантирам дека тие немаат стекнато стан во општествена сопственост со стекнато станарско право. А сакам да кажам дека за распределбата јас очекував да биде поставено пратеничко прашаше и сака да одговорам дека ние сепак сме правна држава и имаме критериуми а морам уште на почетокот да нагласам дискутантот кој зборуваше тука, тој исто има поднесено молба и е незадоволен, затоа што и нему му немаме доделено стан и ја испровоцирав целата оваа расправа. Сакам подетално да ги запознаам сите пратеници во врска со тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може, тоа не е на дневен ред.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Господине претседателе, за да ја отклониме фрлената светлина дека Комисијата не работи по правни акти и по паво не ги доделува становите.

Согласно на член 7 став 4 од Одлуката за условите, начинот и критериумите за доделување на станови, со кои располага Републиката наменети за решавање на станбените потреби на функционерите, раководните работници и работниците на републичките органи службен весник на РМ , број 18/93 за доделување на станови на функционерите со органите одлучува Комисијата за станбени прашања.

VII/10

Стан на користење на функционер, раководен работник и работник им се доделува врз основа на писмено барање, кое содржи податоци за функцијата односно работите и задачите што ги обавува и времетраењето на мандатот, бројот на членовите на семејното домаќинство, нивната возраст, пол и здравствена состојба, дали има стан на користење и поблиски податоци за тој стан. Особено, за големината и локацијата на станот што се заменува. Големината и локацијата што бара да му биде доделен на користење. Барање со сите потребни податоци и предлог за доделување до Комисијата ги поднесуваат органите корисници на станови од оваа одлука.

Владата на РМ во претходниот состав донесе одлука за продолжување на градбата, откупот и распределба на станови, број 23, 1182/1 од 28.IV.1992 година, според кое од овие станови на Владата се доделуваат за распределба 40 станови.

VIII/1.- СС-ВБ

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (продолжение)

Заради нивна распределба Комисијата за станбени прашања до сите републички органи испрати писма со барање до комисиите за станбени прашања да достават барања за доделување на станови. Најголем број од органите доставија барања за доделување на станови на функционерите, раководните работници и работници во нивните органи.

Од Собранието на РМ, со писмен број 31-191/4 од 28-1-1994 година доставено е известување дека Собранието има потреба од 89 стана. Од овие, пратениците поднеле барање за 28 станови а работниците и раководни работници за 61 стан.

Согласно член 5 од Одлуката, при доделување на станови се води сметка за функцијата односно работите и задачите што ги врпаат жи работниот придонес со решавањето на работите и работните задачи, станбените услови, должината на работниот стаж, нерешеното станбено прашање, бројот на членови на семејно домаќинство и здравствена состојба. Големината на станот може да изнесува до 20 метри квадратни по член итн.

На крајот сакам да го поврзам она што го очекувате да го слушнете како одговор. Комисијата, согласно на член 5 од седницата одржана на 11.11.1994 година одлучи да се доделат станови и тоа на: Џеладин Мурати, Никола Поповски, Љупчо Георгиевски, Наќе Стојановски и Петар Ѓорѓиев. Од овие функционери станови за службени потреби користат Петар Ѓорѓиев и Љупчо Георгиевски. Дали именуваните располагаат со станови и куќи во местото каде порано живееле, Комисијата нема податоци. Бидејќи, според членот 4 стан се доделува на функционер, раководен работник и работник кој нема стан, станбена зграда или куќа за одмор во местото на обавувањето на функцијата, на живеење, односно користи стан и бара замена на тој стан за поголем, за помал или стан со иста големина.

Друга распределба комисијата до сега нема извршено. Инаку, согласно членот 8 од Одлуката Комисијата за станбени прашања може да дава станови на користење на граѓаните од поранешниот фонд на општините, според услови и критериуми утврдени со прописите на општините. Доделувањето се врши врз основа на претходно спроведена постапка, на огласување на станови во подрачните единици во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, каде се наоѓа станот каде барањата заедно со нивно мислење ги доставува за одлучување до Комисијата за станбени прашања. Според овој член Комисијата вршеше распоредување според огласите спроведени во некои општини во Републиката.

Да нагласам дека господинот Ѓорги Спасов нема добиено стан и со таков стан не располага. Ова беше чиста дезинформација искажана овде од говорницата.

Сакам да кажам дека господинот Ристо Иванов исто така има поднесено молба и сака да добие општествен стан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, гледате ли зошто бев така упорен да не навлегуваме во овие работи, затоа што Собранието, место орган на законодвна активност ќе го претвориме не во зборница, туку во место на озборување. Тоа е опасно и не е добро.

(Ристо Јованов се упатува кон говорницата со извикување дека сака нешто да каже).

Што ќе каже, видете, нема што да предлага,по тоа Собранието се произнесе. Сега Јованов ќе спомне некои други, па тие ќе дојдат спомнати овде, па ќе се спомнуваме цел ден и готова работа...

VIII/3.-

Јас најпрво ќе кажам и ќе употребам тежок збор, господинот Туше Гошев, министер за правосудство лаже. Еве зошто, јас конкурирав, не откажувам, но јас, господине Туше Гошев, ја видовте ли молбата моја таму? Јас живеам во 27 квадрати со четири особи. Господинот Ни- кола Поповски по кој критериум му дадовте...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ете...

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господинот Наќе Стојановски, по кои критериуми, а овде вие мене ми читате од законот тој и тој критериум...

(Претседателот предупредува со ѕвончето).

Па еве, по критериум за добивање на службен стан господинот Петар Ѓорѓиев има од Кавадарци. Овие ги доделувате, правите кражба, правите кражба и им доделувате општествени станови, на самци, кои не се жители на Скопје а живеат во други места. После тоа, ова го правите после една година од донесување на Законот за општествените станови дали да се делат. Толку невистини искажавте, фактички јас не знам во кое министерство вие треба да работите, а не во Мини терството за правосудство и управа, да ја браните правдата.

И уште нешто, да не испуштам, рече дека господинот Горѓи Спасов има добиено...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Нема. Само не може на јавноста овде да види, треба да ви дојде таму во комисијата каде што си ги потпишал, кој ќе те провери Ти си кадија, ти си ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние навистина не можеме овде да разговараме за критериумите на некоја комисија. Па има илјада комисии, да се разбереме. Има и за станови итн. Еве, сега прв пат слушам дека 20 пратеници барале стан. 28. Тоа се нивни права, каква врска има претседателот дали еден или друг ќе добие, но, еве, јас сум бил "бабачко"

Добро, ајде...

(Пратеникот Ристо Јованов стои пред говорница и извикува дека тој е иритиран).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата. Нема што иритиран. Ве молам, напуштете ја говорницата. Оди си таму на место.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Па, како господинот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, не може ти на секого овде се во лице му плескаш, нема вистина во тоа. А, од друга страна не сакаш ништо никој да ти рече

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Како господинот Петар Горѓиев...

Ја прекинувам седницата додека Ристо не се смири на своето место таму. Ајде, ве молам, Ристо Јованов да седне на своето место. Ве молам, седнете таму, веислушаа, што сакате сега? Седнете си таму.

(Одејќи кон местото пратеникот Ристо Јованов извикува).

Седнете си таму. Само кажувам дека не знам. Видете, има и од ВМРО и од Либерална партија и од СДС и од ПДП, може и од вашата партија. Кој ви може вас, сега сте вие тројца. Не можат да најдат од вас. Пратеници има многу, што да правиме. Сите тие имаат право. Си даваат на конкурс.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

(Од место). По кои критериуми?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ме интересира мене критериумот, Ристо, ве молам. Тоа не е на дневен ред, седнете си таму. Седни си на твоето место и дај ни да работиме.

Понатаму, збор има пратеникот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници би било несериозно со ваква обемен дневен ред да има дополнуваше на дневниот ред. Меѓутоа, овде не се работи за луѓе со станови од 80-90 квадрати,туку се работи за луѓе бездомници.

Јас пратеникот Гоце Андоновски, пратеникот Тодор Петров и Ристо Јованов поднесуваме една информација за решавање на состојбата и положбата на абегалците од Република Албанија сместени моментално

во прифатниот центар за странци во Царина. Оваа информација ја поднесуваме не од друго, сметаме дека треба да биде решавана и прифатена веднаш во овој дневен ред, туку од причина што сметаме дека навистина нивниот статус станува неизвесен со тоа што ЖТП практично објави апел со кој што повеќе не ја зема одговорноста за згрижување на оваа категорија луѓе, а друго, мислам дека и старата Влада и новава Влада и покрај тоа што наводно имаше некои активности за да се реши статусот на оваа групација, за жал статусот е се уште нерешен, а во овој случај не губат само тие со своите психички оптоварувања, туку губиме и ние како Република Македонија бидејќи даваме големи средства за нив.

Сметаме дека со оваа информација се предложени такви заклучоци што можат да ги интегрираа«г во Република Македонија.

